# ОПШТИНА БИТОЛА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА БИТОЛА ЗА 2022 ГОДИНА

Предлагач:
Градоначалник на Општина Битола
Тони Коњановски

Изготвил:
Благица Талевска
рак. на Одд за буџетска координација
Контролирал
Наташа Лукиќ
Пом.рак.на Сектор за Финансиски прашања

*Битола, Март 2023 година*

Содржина:


- Вовед ______________________________________________ *2*
- Годишна сметка / наративен дел ______________________ *3*
- Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност ______________________ *16*
- Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капителните и блок дотации, дотациите за делегирани надлежности *20*
- Изјава од одговорниот сметководител
- Прилози
- Биланс на состојба сметка Буџет
- Биланс на состојба сметка Орган

## 1.Вовед

### Основни податоци за Општината

Број на жители 95.385
Површина и населени места 794,53 км2

Битола е лоцирана во југозападниот дел на Македонија и се наоѓа на само 13 км оддалеченост од границите на ЕУ. Битола е еден од најголемите градови во Македонија, со околу 95.385 жители во градот и околните 64 рурални населби. Градот има долга и богата историја која допира дури до неолитскиот период.

### Надлежност

Согласно одредбите на Законот за локална самоуправа и Статутот на општина Битола во кои е уредено вршењето на работите од јавен интерес, како и работите кои не се исклучени од надлежност на општините или не се во надлежност на државните органи, Општината врши работи од јавен интерес од локално значење. Во таа насока надлежности, односно работи од јавен интерес од локално значење се:

- Урбанистичко планирање, издавање на одобрение за градење на објекти од локално значење, уредување на просторот и на градежното земјиште;
- Заштита на животната средина и природата, со преземање на мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето;
- Локален економски развој, водење на локална економска политика;
- Комунални дејности, пред се снабдување со вода за пиење, испорака на технолошка вода, пречистување на отпадни води, јавно осветлување, одржување на јавна чистота, собирање, транспортирање на комунален цврст и технолошки отпад, изградба, одржување и реконструкција на локални па-тишата и друг вид комунални дејности;
- Култура, преку институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти;
- Образование, основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта, во соработка со централната власт;
- Социјална и детска заштита, изградба и одржување на детски градинки и домови за стари, социјална грижа за инвалидните лица, деца со посебни потреби, деца без родители и друго;
- Заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разузнувања, природни непогоди;
- Противпожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици;
- Надзор над вршењето на работите од нејзината надлежност.

**Буџет и Одлука за извршување на Буџетот на Општината**

Претпоставките врз основа на кои се заснива подготвувањето на Буџетот на Општина Битола произлегуваат од законските и подзаконските прописи со кои се уредени правата, обврските и надлежностите на Општината Битола, Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. 5/2002), Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Службен весник на Р.М. бр 61/04, 96/04 и 156/09), Законот за буџетите(Службен весник број 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11,171/12, 192/15 и 167/16), макроекономските индикатори, фискалната политика на Владата на Република Северна Македонија, вклучувајќи ги и основните насоки за поготовка на Буџетот за 2021 година добиени од Министерството за Финансии на Република Северна Македонија.

Советот на Општина Битола на седница одржана на ден 29.12.2021 година, го донесе Буџетот на Општина Битола за 2022 година. На истата седница е донесена и Одлуката за извршување на буџетот на Општина Битола за 2022 година.

Во текот на 2022 година се донесени пет Одлуки за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2022 година (пренамена) и тоа на: 10-тата седница одржана на ден 30.03.2022 година, 13-та седница одржана на ден 30.05.2022 година, 14-тата седница одржана на ден 21.06.2022 година, 18-тата седница одржана на ден 26.10.2022 година и на 20 -тата седница одржана на ден 20.12.2022 година и четири Одлуки за проширување на Буџетот на Општина Битола донесени на 9-та седница одржана на ден 15.03.2022 година, 13-тата седница одржана на ден 30.05.2022 година, 16-та седница одржана на ден 15.08.2022 година, и на 18-тата седница одржана на ден 26.10.2022 година .

Усвоени се две Одлуки за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Битола за 2022 година донесени на 12-та седница на Совет на Општина Битола одржана на ден 29.04.2022 година и и на 17-тата седница на ден 16.09.2022 година. Исто така, усвоена се две Измени на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Битола за 2022 година. Измените и дополнувањата беа извршени заради усогласување на приходниот со расходниот дел во основнот буџет, како и заради потребите од усогласување на приходите и расходите на буџетите на локалните јавни установи.

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

## 2. ГОДИШНА СМЕТКА

### 2.1.Приходи на Општината

Успешноста на планирањето се согледува низ споредбени показатели или сооднос на планираните и реализираните приходи во буџетот.Тие показатели ќе ја дадат и оценката за успешноста во работењето на даночната администрација пред се во планирањето и наплатата на сопствените општински приходи, како и напорите кои ги прават органите на општина Битола со цел обезбедување на дополнителни средства од програмите на надлежните министерства и донации од земјата и странство со што би се реализирале одредени проекти потребни за општината.

***Даночните приходи се остварени како резултат на:***

- 39.063 решенија на данок на имот,
- 4.923 решенија за фирмарина,
- 1308 решенија за купопродажба,
- 1831 решенија за наследство и подарок,
- 66 решенија за комунална такса за музика во јавни локали,
- 171 пресметки за уредување на градежно земјиште,
- 176 одобренија за прекопи на објекти од комунална инфраструктура,
- 31 барања за издавање на дозвола за вградување на подземни инсталации,
- 11 издадени лиценци за вршење на авто-такси превоз на патници,
- 17 изводи од лиценци,
- 2 дозволи за движење по Широк сокак,
- 7 одобренија за вонреден превоз,
- 27 времен режим на сообраќај,
- 6 траен режим на сообраќај,
- 354 одобренија за градење,
- 20 проекти за инфраструктура,
- 24 елаборати за животна средина,

***Неданочните приходи се резултат на:***

- 198 издадени одобренија за користење на урбана опрема,
- 812 излезни фактури за закупнини,
- 462 уверенија за куќен број,
- 1643 изводи од план,
- 442 уверенија во или вон градежен регион,
- 2 запишување на ифраструктурни објекти,
- 196 прибележување, предбележување, запишување на одобренијата во катастар,
- 600 запишување на легализација,
- 2 бришење на прибелешки,
- 219 имотни листови,
- 31 историјати,

***Дел од капиталните приходи*** се остварени како резултат на пресметки за надомест за бесправно изградени објекти, надомест за концесија за експлатација на минерални суровини и приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата.

***Трансферите ги сочинуваат*** трансферите од Агенцијата за патишта за средства од зимската служба, Дотациите од ДДВ, и пренесениот вишок на приходи од минатата година.

**На сметката Основен буџет на Општина Битола планирани се и реализирани следните приходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **1.031.400.811** | **870.687.341** |
| **71 Даночни приходи** | **490.374.382** | **485.874.323** |
| 711 Данок од доход, добивка и капитални добивки | 31.060.000 | 35.375.801 |

| | | |
|---|---|---|
| 713 Даноци на имот | 190.300.000 | 193.131.142 |
| 717 Даноци на специфични услуги | 232.329.937 | 254.700.600 |
| 718 Такси за користење или дозволи за вршење дејност | 36.684.445 | 2.666.780 |
| **72 Неданочни приходи** | **29.752.000** | **27.904.810** |
| 722 Глоби, судски и административни такси | 4.002.000 | 3.069.082 |
| 723 Такси и надоместоци | 14.000.000 | 13.118.481 |
| 725 Други неданочни приходи | 11.750.000 | 11.717.247 |
| **73 Капитални приходи** | **121.215.000** | **54.801.205** |
| 733 Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 121.215.000 | 54.801.205 |
| **74 Трансфери и донации** | **390.059.429** | **302.107.003** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 390.059.429 | 302.107.003 |




**сл.1 Вкупни приходи сметка Основен буџет**

Графички вкупните приходи на основниот буџет се прикажани на слика 1. Од сликата можат да се утврдат позитивните и/или негативните трендови на планирање или отстапувања доколку за истите се утврди дека ги има.

## 71 Планираните даночни приходи се остварени со 99,08%

Ставка 711- Данок од доход, од добивка и од капитални добивки, од планираните 31.060.000,00 денари од вкупниот буџет, остварени се приходи во износ од 35.375.801,00 денари или над 100%.

Ставка 713- Данок на имот од планираните во вкупниот буџет 190.300.000,00 денари, остварени се приходи во износ од 193.131.142,00 денари или над 100%.

Ставка 717- Данок на специфични услуги од планираните 232.329.937,00 денари остварени се приходи во износ од 254.700.600,00 денари или над 100%.

Ставка 718- Такси за користење или дозволи за вршење на дејност од планираните 36.684.445,00 денари остварени се 2.666.780,00 денари или 7,27%.

**72 Планираните неданочни приходи се остварени со 93,79%**

Ставка 722- Глоби,судски и административни такси од планираните 4.002.000,00 денари, остварени се приходи во износ од 3.069.082,00 денари, или 76,69%.

Ставка 723- Такси и надоместоци од планираните 14.000.000,00 денари остварени се приходи во износ од 13.118.481,00 денари, или 93,70%.

Ставка 725- Други неданочни приходи од планираните 11.750.000,00 денари, остварени се приходи во износ од 11.717.247,00 денари или 99,72%.

**73 Планираните капитални приходи остварени се со 45,21%**

Ставка 733-Продажба на земјиште и нематеријални вложувања од планираните 121.215.000,00 денари, остварени се приходи од 54.801.205,00 денари или 45,21%.

**74 Планираните трансфери и донации оставарени се со 77,45%**

Ставка 741-Трансфери од други нивоа на власт од планираните 390.059.429,00 денари, остварени се приходи во износ од 302.107.003,00 денари или 77,45%.

**Вкупните приходи на Општина Битола во 2022 година се реализирани со 84,42%.**

**На сметката Самофинансирачки активности планирани се и реализирани следните приходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **126.312.400** | **50.492.635** |
| **72 Неданочни приходи** | **126.312.400** | **50.492.635** |
| 723 Такси и надоместоци | 117.421.700 | 46.519.880 |
| 725 Други неданочни приходи | 8.890.700 | 3.972.755 |




**сл.2 Вкупни приходи сметка Самофинсирачки активности**

**Вкупните приходи на сметката Самофинансирачки активности се реализирани со 39,97%.**

Поодделно остварувањето на приходите кај локалните јавни установи Советот на Општина Битола ќе може да ги констатира преку разгледување на завршните сметки на локалните јавни установи.

**На сметката Донации  планирани се и реализирани следните приходи**

| | **Планирани** | **Реализирани** |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **121.319.168** | **60.763.669** |
| **74 Трансфери и донации** | **121.319.168** | **60.763.669** |
| 741 Трансфери од  други нивоа на власт | 11.997.005 | |
| 742 Донации од странство | 108.669.813 | 60.681.894 |
| 744 Тековни донации | 652.350 | 81.775 |




**сл.3 Вкупни приходи сметка Донации**

Графичкиот приказ покажува колку средства се остварени од Донации во општината, и  локалните јавни установи

До крајот на 2022 година остварени се приходи  по основ на Донации и тоа:

**Во сметките за Донации** планирани со вкупен износ 121.319.168,00 денари донациите на основните и средни училишта, детските градинки,општината на оваа сметка има остварување на  приход од  60.763.669,00 денари или  50,09%.

## 2.2 Расходи на Општината

Законските прописи и програмското планирање се основа за планирање на расходната страна на буџетот на Општина Битола. Под програмско планирање се донесените програмите од страна на Советот на Општина Битола утврдени согласно со надлежностите.

Расходната страна на Основниот буџет на Општината Битола може да се прикажува по видови по сметки и програми. Согласно програмската  класификација  во Буџетот на Општина Битола се опфатени 30 програми. Реализацијата на расходите во текот на цела 2022 година е извршена како резултат на спроведени  **227 постапки за јавни набавки** од одделението за јавни набавки, добиени **2425 фактури** во одделението за сметководство и други расходи предвидени согласно Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. 5/2002) и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на Р.М. бр 61/04, 96/04 и 156/09).

## На сметката на основниот буџет на Општината Битола планирани се и реализирани следните расходи

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **1.031.400.811** | **870.687.341** |
| **40 Плати, наеминини и надоместоци** | **93.377.508** | **84.129.926** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 58.020.270 | 52.185.669 |
| 402 Придонес за социјално осигурување | 22.701.032 | 19.754.643 |
| 404 Надоместоци | 12.656.206 | 12.189.614 |
| **41 Резерви и недефинирани расходи** | **1.700.000** | |
| 412 Постојана резерва | 1.500.000 | |
| 413 Тековни резерви | 200.000 | |
| **42 Стоки и услуги** | **334.622.226** | **294.061.952** |
| 420 Патни и дневни расходи | 1.440.000 | 886.602 |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 147.407.990 | 131.748.946 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали за поправка | 9.726.446 | 6.417.552 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 98.785.751 | 92.345.921 |
| 425 Договорни услуги | 38.671.802 | 29.422.337 |
| 426 Тековни расходи | 30.590.237 | 25.890.130 |
| 427 Привремени вработувања | 8.000.000 | 7.350.464 |
| **45 Каматни плаќања** | **50.000** | **8.617** |
| 452 Каматни плаќања за домашни задолжувања | 50.000 | 8.617 |
| **46 Субвенции и трансфери** | **119.422.331** | **115.150.222** |
| 461 Субвенции за јавни претпријатија | 1.650.000 | 1.500.000 |
| 463 Трансфери до невладини организации | 74.268.000 | 73.987.000 |
| 464 Разни трансфери | 42.404.331 | 38.619.235 |
| 465 Исплата по извршни расправи | 1.100.000 | 1.043.987 |
| **47 Социјални бенифиции** | **5.200.000** | **4.966.752** |
| 471 Социјални надоместоци | 5.200.000 | 4.966.752 |
| **48 Капитални расходи** | **462.746.746** | **358.088.160** |
| 480 Купување на опрема и машини | 36.403.917 | 31.033.415 |
| 482 Други градежни објекти | 411.912.829 | 320.604.011 |
| 483 Купување на мебел | 600.000 | 99.120 |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 13.830.000 | 6.351.614 |
| **49 Отплата на главница** | **14.282.000** | **14.281.712** |
| 491 Отплата на главнина | 14.282.000 | 14.281.712 |

**сл.4 Вкупни расходи сметка Основен буџет**




***Вкупни тековни оперативни расходи:***

Ставка 401- Основни плати реализирани се во износ од 52.185.669,00 денари, од вкупно планираните во буџетот 58.020.270,00 денари.

Ставка 402- Придонеси од социјално осигурување од работодавачите, реализирани се во износ од 19.754.643,00 денари од вкупно планирани во буџетот 22.701.032,00 денари.

Ставка 404- Надоместоци реализирани се трошоци од 12.189.614,00 денари од планираните 12.656.206,00 денари.

Ставка 412- Постојана резерва не е реализирана со средства, од планираните 1.500.000,00 денари.

Ставка 413- Тековни резерви не се реализирани трошоци од планираните 200.000,00 денари.

Ставка 420- Патни и дневни расходи реализирани се расходи во износ од 886.602,00 денари од планираните 1.440.000,00 денари.

Ставка 421- Комунални услуги ,греење, комуникација и транспорт реализирани се расходи во износ од 131.748.946,00 денари, од планираните 147.407.990,00 денари.

Ставка 423- Материјали и ситен инвентар реализирани се расходи во износ од 6.417.552,00 денари, од планираните 9.726.446,00 денари.

Ставка 424- Поправка и тековно одржување, реализирани се трошоци во износ од 92.345.921,00 денари од планираните 98.785.751,00 денари.

Ставка 425-Договорни услуги реализирани се услуги во износ од 29.422.337,00 денари од планираните 38.671.802,00 денари.

Ставка 426-Други тековни расходи реализирани се трошоци во износ од 25.890.130,00 денари, од планираните 30.590.237,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 427- Привремени вработувања, реализирани се во износ од 7.350.464,00 денари, од планираните 8.000.000,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 452- Каматни плаќања кон домашни кредитори планирани се средства во износ од 50.000,00 денари , реализирани се трошоци во износ 8.617,00 денари.

Ставка 461- Субвенции за јавни претпријатија, реализирани се трошоци во износ од 1.500.000,00 денари, од планираните 1.650.000,00 денари.

Ставка 463- Трансфери до невладини организации, реализирани во износ од 73.987.000,00 денари, од планираните 74.268.000,00 денари.

Ставка 464- Разни трансфери реализирани се трошоци во износ од 38.619.235,00 денари, од планираните 42.404.331,00 денари.

Ставка 465- Исплата по извршни исправи бил планиран износ од 1.100.000,00 денари, реализирани се трошоци во износ од 1.043.987,00 денари.

Ставка 471- Социјални надоместоци, реализирани се трошоци во износ од 4.966.752,00 денари, од планираните 5.200.000,00 денари.

Ставка 491- Отплата на главница до нерезидентни кредитори, реализирани се трошоци во износ од 14.281.712,00 денари, од планираните 14.282.000,00 денари.

***Вкупни капитални расходи:***

Ставка 480- Купување на опрема и машини, реализирани се расходи во износ од 31.033.415,00 денари, од планираните 36.403.917,00 денари.

Ставка 482-Други градежни објекти, реализирани се расходи во износ од 320.604.011,00 денари, од планираните 411.912.829,00 денари.

Ставка 483- Купување на мебел, реализирани се расходи во износ од 99.120,00 денари, од планираните 600.000,00 денари.

Ставка 485- Вложувања и нефинансиски средства реализирани се расходи во износ од 6.351.614,00 денари, од планираните 13.830.000,00 денари.

Извршувањето на расходите на буџетската сметка за сите програми е 84,42%. Програмата А0- Совет на општината е извршен 90,05%, програмата Г1- Локален економски развој е извршена со 85,45%, програмата Г2-Поттикнување на развојот на туризмот е извршена 86,74%, програмата ГД- Проекти за енергетска ефикасност е извршена со 39,65%, програмата Д0- Градоначалник е извршена со 90,66%, Д1- Месна самоуправа 71,10%, програмата Е0- Општинска администрација исполнета со 87,03%, програмата ЕА- Капитални трошоци на општината е реализирана со 77,60%, програмата Ј2- Одведување и пречистување на отпадни води е извршена со 86,96%, програмата Ј3- Јавно осветление е извршена со 96,04%, програма Ј4- Јавна чистота со 95,77%, програма Ј6- Одржување и заштита на локални патишта улици и регулирање на сообраќајот е исполнета со 84,18%, програма Ј7- Одржување и користење на паркови и зеленило со 100%, програма Ј8- Поправки и тековно одржување е реализирана со 100%, ЈА- Др.градежни работи реализирана со 48,79%, ЈГ- Изградба на системи за водоснабдување реализира е со 72,61%, програма ЈГА -Реконструкција на водоводна мрежа улица 2-ри Август со 96,49%, програма ЈГМ- Реконструкција на водоводна мрежа Булевар 1-ви Мај со 22,90%, ЈД0- Изградба и реконструкција на локалните патишта и улици со 75,43%, ЈДА-Изградба и реконструкција на локални патишта и улица Довлеџик со 81,32%, ЈДБ-Изградба и реконструкција на локални улици и патишта со 100%, ЈДГ-Изградба и реконструкција на локални улици во с.Логоварди со 89,79%, ЈДЕ-Изградба и реконструкција на локални патишта и улици Крушевска република со 100%, ЈДИ- Изградба и реконструкција на локалните патишта и улици (Илинденска-развојна) со 100%, ЈДЈ-Реконструкција на локални улици и патишта ул7-ми Јули со 100%, ЈДЛ-Изградба и реконструкција на локални улици и патишта 96,47%, ЈДМ-Реконструкција на локален пат с.Трново-Магарево со 96,78%, ЈДП-Реконструкција на ул.Н.Н.Борче со 100%, ЈДФ-Реконструкција на улица Македонска фаланга со 100%, ЈДР-Реконструкција на улица 2-ри Август со 100%, ЈИ-

Изградба на атмосферска и фекална канализација со 67,16%, ЈИА- Реконструкција на фекална канализација на улица Довлеџик е извршена 88,17%, ЈИМ-Реконструкција на атмосферска канализација на улица Довлеџик со 100%, ЈИС-Реконструкција на фекална канализациона мрежа на ул.Булевар 1-ви Мај со 18,76%, ЈЛ-Други комунални услуги (капитални расходи) е реализирана со 43,10%, ЈЛА-Изградба на парк со 71,61%, ЈФ- Изградба на сообраќајна сигнализација е извршена 60,63%, К3- Музејска и кинотечна дејност со 95,61%, К4-Културни манифестации и творештво е реализирана со 99,97%, КАМ-Партерно уредување околу Офицерски дом со 100%, ЛО-Спорт и рекреација со 99,96%, ЛА- Спорт и рекреација(капитални расходи) со 43,05%, ЛАА-Реконструкција на фудбалски стадион под Тумбе-кафе (капитални расходи) со 100%, Н1- Основно образование со 78,09%, ЊО- Противпожарна заштита со 61,74%, ЊА-Противпожарна заштита (капитални расходи) со 29,92%, Р1-Заштита на животна средина и природа со 57,35%, РА- Заштита на животна средина и природа (капитални расходи) е извршена 34,17%, Ф1- Урбанистичко планирање со 85,75% и Ц1- Родова еднаквост со 72,20%.

**Ставките 401,402,404 Основни плати и надоместоци** - се однесуваат на плати, надоместоци од плати и придонеси од плати за вработени, како и други надоместоци за советниците, за 12 месеци реализирани во вкупен износ **84.129.926,00 денари**.

**Ставката 420 Патни и дневни расходи** ги опфаќа патувањата во земјата и странство на вработените во општинската администрација, градоначалникот, претставниците од советот на општината и надворешни соработници, реализирани се во вкупен износ од **886.602,00 денари.**

**Ставката 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** ги опфаќа трошоците за електрична енергија за општината, месните заедници, вода и канализација, ѓубретарина, течни горива за општината, противпожарната заштита, уличното осветлување, телефон и телефакс за општинската администрација и членовите на советот на општината, пошта, горива и масла за возилата, регистрација на моторните возила, и транспорт на луѓе (општински линиски превоз), и трошоците на училиштата реализирани преку програмата Н1-основно образование реализирана е вкупен износ од **131.748.946,00 денари.**

**Ставката 423 Алат и ситен инвентар** опфаќа: канцелариски материјал, весници, списанија и други изданија, униформи, прехрамбени артикли и пијалаци, средства за одржување на хигиена, ситен инвентар, и други материјали, и трошоците на училиштата реализирани преку програмата Н1-основно образование реализирана е со вкупен износ од **6.417.552,00 денари.**

**Ставката 424 Поправка и тековно одржување** ги опфаќа поправката на возилата и тоа лесните возила и возилата во ТППЕ, одржувањето на зградата, дезинфекција, деритизација, поправка и одржување на опремата, поправка и одржување на хардверска и софтверска опрема, поправка и одржување на уличното осветление и одржување на јавните зелени површини, и трошоците на училиштата реализирани преку програмата Н1-основно образование реализирана е во износ од **92.345.921,00 денари.**

**Ставката 425 Договорни услуги** ги опфаќа осигурувањата на возилата, недвижностите и правата, изработката на просторни и урбанистички планови, услугите

за копирање и печатење, и договорни услуги од други лица (изведувачи физички лица за културни манифестации, лица вклучени за достава на решенија и др), консултански услуги, и трошоците на училиштата реализирани преку програмата Н1- основно образование, вкупната реализација е во износ од **29.422.337,00 денари.**

**Ставка 426 Други тековни расходи** опфаќаат членарини во домашни организации, расходи за репрезентација и други опративни расходи. Реализирани се во износ од **25.890.130,00 денари,** најголем дел опфаќаат другите оперативни расходи (уплати за поднесување на завршни сметки, трошоци кон Агенцијата за катастар на недвижности за имотни листови за имот на Општина Битола, спроведување на решенија за експропријација, миење на службените возила на општината, следење на културните настани и нивно претставување во електронските медиуми, поставување и собирање на знамиња, изведувачи правни лица за културни манифестации, организирање на јавни презентации и јавни анкети за урбанистички документации др.)

**Ставка 427 Привремени вработувања** е ставка за исплата на лица ангажирани во општината за вршење на административни работи и истата е реализирана во вкупен износ од **7.350.464,00 денари.**

**Ставка 452 Каматни плаќања за домашно задолжување** е реализирана во износ од **8.617,00 денари,** а се однесуваат на плаќање камата за средствата кои се повлечени како транши со заемот од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка за Проектот за подобрување на општинските услуги.

**Ставка 461 Субвенции за јавни претпријатија** е реализирана во износ од **1.500.000,00 денари**, а се однесуваат на субвенции за јавните претпријатија ЈП Жабени со 1.000.000,00 денари и 500.000,00 денари за ЈП Пазари за подршка и реализација на нивните програми.

**Ставка 463 Трансфери до невладини организации и спортски здруженија** е реализирана во износ од **73.987.000,00 денари**, а се однесуваат на трансфери до здруженија и граѓани, и трансфери до спортски клубови за подршка и реализација на нивните програми.

**Ставката 464 Разни трансфери** опфаќа плаќања во вкупен износ од **38.619.235,00 денари** и тоа за плаќања по судски решенија, за трансфери при пензионирања, трансфери по основ на решенија за боледување подолго од 6 месеци, трансфер до Центарот за развој на Пелагонискиот регион според бројот на жителите, партиципација за згрижување на деца на самохрани родители во градинките,трансфери за културни манифестации од програмата за Култура за 2022 година,престој на бездомници,кофинансирање во проектите Смарт-кул-тур, Интеграција зелен транспорт, Бенефит,издвоени финансиски средства за освоено прво место на Европско првенство во стрелаштво,донација за збратимениот град Кременчук во Украина, субвенции за велосипеди и стамбени згради за енергетска ефикасност,обуки за лична асистенција,субвенционирање на првачиња,донација на средства во Национален парк Пелистер за проектот Авантура преку граници и за застаклена настрешница во Јени Џамија,средства за напад од куче и др.

**Ставката 465 Исплата по извршни исправи** опфаќа плаќања во вкупен износ од **1.043.987,00 денари** и тоа за плаќања на извршни исправи, трошоци и камати по извршни исправи, најчесто за судски спорови со пожарникарите.

**Ставка 471 Социјални бенифиции** реализирана е во износ од **4.966.752,00 денари** е наменета за помош на лица - социјални случаеви по решение од комисија за финансии и буџет или решение од градоначалник, а во согласност со Одлуката за определување на критериумите за распределба на средства, како финансиска помош од Општина Битола.

**Ставка 480 Купување на опрема и машини** реализирана е со износ од **31.033.415,00 денари** и ги опфаќа купување на информатичка и видео опрема за потребите на општината и советниците,набавка на опрема за Офицерски дом,столчиња за стадион под Тумбе кафе,набавка на сообраќајни знаци, огледала, табли и др.

**Ставката 482 Други градежни објекти** е наменета за капиталните расходи (улици, патишта, водоводи, канализација и др објекти) на општината и е реализирана со вкупен износ од **320.604.011,00 денари.**

**Ставката 483 Купување на мебел** е наменета за купување на канцелариски столици и е реализирана со вкупен износ од **99.120,00 денари.**

**Ставката 485 Вложувања и нефинансиски средства** реализирана е во износ од **6.351.614,00 денари** за надомест за експропријација, за купување на компјутерски софтвер, лиценци,антивирусна програма и др.

**Ставка 491 Отплата на главнина** реализирана е во износ од **14.281.712,00 денари**, за отплата на осма и деветта рата главнина за кредитот од Светска банка за АРМ четврт 1 и 2.

**На сметката Самофинансирачки активности на Општината Битола планирани се и реализирани следните расходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **126.312.400** | **45.563.697** |
| **40 Плати, наеминини и надоместоци** | **1.048.000** | |
| 401 Основни плати и надоместоци | 750.000 | |
| 402 Придонес за социјално осигурување | 298.000 | |
| **42 Стоки и услуги** | **101.204.400** | **42.830.681** |
| 420 Патни и дневни расходи | 1.499.000 | 197.713 |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 16.733.100 | 9.090.572 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали за поправка | 40.519.400 | 21.176.216 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 19.802.600 | 3.298.587 |
| 425 Договорни услуги | 14.483.300 | 6.556.741 |
| 426 Тековни расходи | 7.967.000 | 2.510.852 |
| 427 Привремени вработувања | 200.000 | |
| **46 Субвенции и трансфери** | **4.048.000** | **1.943.992** |
| 463 Трансфери до невладини организации | | |
| 464 Разни трансфери | 4.048.000 | 1.943.992 |
| **48 Капитални расходи** | **20.012.000** | **789.024** |
| 480 Купување на опрема и машини | 8.213.000 | 347.309 |
| 482 Други градежни објекти | 4.042.000 | 70.800 |

| | | |
|---|---|---|
| 483 Купување мебел | 4.875.000 | 319.653 |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 1.042.000 | 51.262 |
| 486 Купување на возила | 1.840.000 | |




**сл.5 Вкупни расходи сметка Самофинансирачки активности**

Вкупни тековно оперативни и капитални расходи за сметката **Самофинансирачки активности** се реализирани во износ од 45.563.697,00 денари од планираните 126.312.400,00 денари или 36,07% и тоа:

Ставка 401- Основни плати планирани се во износ од 750.000,00 денари, не се реализирани.

Ставка 402- Придонеси за социјално осигурување од работодавачите планирани во износ од 298.000,00 денари не се реализирани.

Ставка 420- Патни и дневни расходи планирани се трошоци од 1.499.000,00 денари, реализирани се 197.713,00 денари.

Ставка 421- Комунални услуги греење и транспорт планирани се трошоци од 16.733.100,00 денари, реализирани се 9.090.572,00 денари.

Ставка 423 - Материјали и ситен инвентар планирани се трошоци во износ од 40.519.400,00 денари реализирани се 21.176.216,00 денари.

Ставка 424- Поправки и тековно одржување планирани се трошоци во износ од 19.802.600,00 денари, реализирани се 3.298.587,00 денари.

Ставка 425- Договорни услуги планирани се трошоци во износ од 14.483.300,00 денари реализирани се во износ од 6.556.741,00 денари.

Ставка 426- Други тековни расходи планирани се трошоци во износ од 7.967.000,00 денари, реализирани се 2.510.852,00 денари.

Ставка 427- Привремени вработувања планирана е со износ од 200.000,00 денари, нема реализација.

Ставка 464- Разни трансфери планирани се средства во износ од 4.048.000,00 денари,реализирани се средства во износ од 1.943.992,00 денари.

Ставка 480- Купување на опрема и машини од планираните 8.213.000,00 денари, реализирани се 347.309,00 денари.

Ставка 482- Др.градежни објекти, планирани се трошоци во износ од 4.042.000,00 денари, реализирани се трошоци во износ од 70.800,00 денари.

Ставка 483- Купување на мебел од планираните средства во износ од 4.875.000,00 денари, реализирани средства во износ од 319.653,00 денари .

Ставка 485- Вложувања и нефинасиски средства од планираните 1.042.000,00 денари, реализирани се средства во висина од 51.262,00 денари.

Ставка 486-Купување на возила од планираните 1.840.000,00 денари не се реализирани средства.

Извршувањето на расходите од сметката Самофинансирачки активности од В1-Детски градинки со 35,99 %, В2- Дом за стари лица со 71,06%, ВА- Капитални расходи за детските градинки со 1,31%, ВБ- Капитални расходи за Дом за стари лица со 7,79%, К3-Музејска и кинотечна дејност програмата е со 15,09%, Н1- Основно образование со 15,17%, Н2- Средно образование со 34,72%, НА- Капитални расходи за основно образование со 11,67% и НБ-Капитални расходи за средно образование со 9,64%.

**На сметката Донации на Општината Битола планирани се и реализирани следните расходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **121.319.168** | **53.962.964** |
| **42 Стоки и услуги** | **58.245.576** | **18.748.300** |
| 420 Патни и дневни расходи | 30.672.718 | 12.146.313 |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 624.547 | 92.001 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали за поправка | 6.388.416 | 379.065 |
| 424 Поправка и тековно одржување | 632.033 | |
| 425 Договорни услуги | 15.231.850 | 4.635.568 |
| 426 Тековни расходи | 4.696.012 | 1.495.353 |
| **46 Субвенции и трансфери** | **21.670.533** | **10.504.786** |
| 463 Трансфери до невладини организации | 740.000 | 150.943 |
| 464 Разни трансфери | 20.930.533 | 10.353.843 |
| **48 Капитални расходи** | **41.403.059** | **24.709.878** |
| 480 Купување на опрема и машини | 4.234.722 | 2.945.584 |
| 482 Други градежни објекти | 30.477.415 | 17.515.026 |
| 483 Купување мебел | 84.420 | |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 1.352.250 | 1.319.798 |
| 486 Купување на возила | 5.254.252 | 2.929.470 |




**сл.6 Вкупни расходи сметка Донации**

Од планираните расходи од Донации реализирани се средства од:

**Донациите** во основните, средните училишта, градинките се рализирани во износ од 15.686.465,00 денари од планираните 50.394.791,00 денари или 31,13%.

**Донација-Бенефит** од планираните 14.155.506,00 денари реализирани се средства во висина од 9.605.432,00 денари или 67,86%.

**Донација-Детска градинка во АРМ** од планираните 11.997.005,00 денари реализирани се средства во висина од 2.600.782,00 денари или 21,68%.

**Донација-СТАРТ-АП Центар** од планираните 310.000,00 денари реализирани се средства во висина од 293.672,00 денари или 94,73%.

**Донација-Интеграција зелен транспорт** од планираните 10.838.644,00 денари реализирани се средства во висина од 5.374.696,00 денари или 49,59%.

**Донација-Смарт-кул-тур** од планираните 3.700.286,00 денари, реализирани се 3.408.436,00 денари или 92,11%.

**Донација-Ромска здравствена заштита-Еразмус 2-Здравствени медијатори** од планираните 1.652.000,00 денари реализирани се средства во висина од 150.943,00 денари или 9,14%.

**Донација-Креирање на можноста за работа за сите** од планираните 1.500.000,00 денари, реализирани се средства во висина од 1.420.989,00 денари или 94,73%.

**Донација-ОКР СРЦ 19** од планираните 500.000,00 денари, реализирани се средства во висина од 351.000,00 денари или 70,20%

**Донација-Баир-Здружена акција** планирани се средства во износ од 6.635.324,00 денари, реализирани се средства во висина од 4.911.140,00 денари или 74,02%.
**Донација-Смарт за тебе 2** од планираните средства средства во износ од 121.319.168,00 денари реализирани се средства во износ 53.962.964,00 денари или 44,48%.

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

### 3.Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност

Општината при изготвувањето на Завршната сметка покрај Билансот на приходи и расходи изготвува и Биланс на состојба кој е потребно да се преточи во објаснување во овој дел на Извештајот. Податоците кои се утврдени во Билансот на состојбата реално ја прикажуваат имотната состојба на општината.

За изготвување на Билансот на состојбата пореално беа формирани пописни комисии со решение од страна на Градоначалник, со цел да ја утврдат состојбата на недвижниот имот, основните средства и ситниот инвентар, како и побарувањата и обврските на Општината.

Централната комисија за попис е во состав:

Слободан Најдовски- Претседател
Дејан Додовсски- член
Елена Даштевска- Чагоровска- зам. член
Владимир Прчков- член

Според извештајот на Централната комисија за попис, комисијата за недвижности совесно и одговорно ја извршила својата задача и обезбедила податоци за постоечкиот имот кој се води во катастарските книги на Општина Битола.

| | |
|---|---|
| **Други нематеријални права** | 10.401.205,00 денари |
| Исправка на вредноста на др. нематеријални права | 9.945.040,00 денари |
| **Сегашна вредност** | **456.165,00 денари** |

Вредноста на други нематеријални права ги опфаќа софтверите кои ги употребуваат вработените во општина Битола ( софтвер за подземен катастар, софтвер за финансиско работење, за архивско работење, за следење на финансиската документација, софтвер за одобренија за градба, софтверот за работа на новото јавно претпријатие,нов сервер, софтвер за подршка на бекап податоците,софтвер за аплицирање за инвертер клими, антивирусна програм,лиценца за постоечките компјутери, софтвер за евиденција на работно време и др).

**Земјиште за друга намена** **133.188.385,00 денари**

Вредноста на земјиштето за друга намена е земјиштето кое Општина Битола го има откупено од физички лица по пат на експропријација и донација полигон за обука на возачи (кп бр 33/2 одобрение за градба уп 30-222/2018 од 30.11.2018).

| | |
|---|---|
| **Градежни објекти** | 1.287.141.338,00 денари |
| Исправка на вредноста | 110.753.538,00 денари |
| **Сегашна вредност на градеж.објекти** | **1.176.387.800,00 денари** |

Вредноста на градежните објекти се однесува на објекти на општината, објекти во урбаните заедници, пречистителната станица во ИЗ Жабени, објекти во касарната, 17 монтажни киосци на шеталиште, Спортска сала Младост, Офицерски дом и Работнички универзитет Крсте.П.Мисирков, Дом за доенчиња и мали деца ( Одлука на Влада број 45-8931/1 од 10.12.2019 година), Кино Манаки и други.

| | |
|---|---|
| **Станови и деловни објекти** | 145.883.542,00 денари |
| Исправка на вредноста | 57.556.029,00 денари |
| **Сегашна вредност на објектите** | **88.327.513,00 денари** |

Вредноста на становите и деловни објекти се однесува на 8 станови во сопственост на Општина Битола , 4 дуќани , поранешно детско одморалиште Пелистер, вториот дел од зградата на поранешно Радио Битола, ќумурното игралиште, фудбалското игралиште во с. Горно Оризари, фудбалското игралиште во ОУ Даме Груев, две тениски игралишта (позади градскиот стадион),единечно тениско игралиште, детски паркови (ОУ Даме Груев, ОУ Климент Охридски, ОУ Коле Канински, ДГ Пролет, ДГ Коца

Василева, УЗ Кочо Десано и нови детски паркови на улица Север-југ, Борис Буџевски и во градскиот парк др.
Во Билансот на состојба се искажани следните податоци кои се совпаѓаат со извештајот на пописната комисија.

| | |
|---|---|
| **Опрема** | 187.013.382,00 денари |
| Исправка на вредноста на опремата | 135.953.189,00 денари |
| **Сегашна вредност** | **51.060.193,00 денари** |

Ново набавени се лап-топ компјутери за советниците и компјутери за општинската администрација и столици за потребите на Офицерски дом.

**Други материјални средства** **31.209.175,00 денари**

Другите материјални средства ја евидентираат вредноста на спомениците на културата (споменикот на Филип, споменикот Ангел на бранителите, и споменикот на Александар Турунџев) и дела на ликовната уметност ( слики ) со кој располага општината, и новиот Мурал бреговите на реката Драгор (репродукција на францускиот уметник Жан Пјерисак).

**Инвестиции во тек** **421.290.766,00 денари**

Во инвестиции во тек остануваат во евиденција: топловодот и реконструкцијата на градскиот Стадион под Тумбе кафе кој ја зголемува вредноста на инвестициите во тек за изведените активности во 2022 година,и бидејќи сеуште не е добиен имот лист се води во инвестиции во тек.

**Долгорочни финансиски вложени и здружени средства** **2.012.901.486,00 денари**

Во оваа категорија е основачки влог на Општината Битола во јавните претпријатија, локалните јавни установи , Центар за развој на Пелагониски регион, КИЦ и јавно претпријатие за превоз на патници Пела и спортските клубови.

Според извештајот на третата комисија за побарувања и обврски се констатираа следните состојби :
**Непокриени трошоци** **64.267.710,00 денари**
Непокриените трошоци се однесуваат на примени средства по основ на долгорочен кредит за изградба на комплетна инфраструктура во АРМ- четврт 1 и 2.Со напомена дека веќе се отплатени девет рати од главниот долг.

| | |
|---|---|
| **Пари на жиро сметка** | **120.751.654,00 денари** |
| **Парични средства во касата** | |
| **Бонови за гориво** | **100.000,00 денари** |

**Побарувањата се однесуваат на:** побарувања по основ на данок на имот за правни и физички лица е во износ од **148.971.527,00 денари**,побарувања по основ на издаден простор под закуп од деловни објекти и издавање на рекламни паноа **562.908,00 денари**, побарувања за користење на земјиште за поставена урбана опрема **980.065,00 денари**.

Комисијата во соработка со стручните служби констатира дека како други побарувања се побарувања по основ комунална такса за истакнување на фирма,комунална такса за музика за јавни локали,комунална такса за користење простор пред деловни простории,неплатен данок за наследство и подарок во износ од **142.647.074,00 денари**, и побарувања по основ на заведени судски спорови во износ од **7.699.053,00 денари**.

**Други краткорочни побарувања од службениците во општинската администрација** **145.255,00 денари.**

Побарувањата се однесуваат на дадени верни картички за бензин на шоферите и вработените во општината и ТППЕ единицата кои се задолжени за возилата и средства за патарини.

**Побарувања за дадени аванси,депозити и кауции** **7.312.933,00 денари**
Се однесуваат на средства дадени како кофинансирање за проектот Бенефит, Смарт-кул-тур и Интеграција зелен транспорт.

**Други меѓусебни побарувања во односите со буџетот и фондовите** **54.128.175,00 денари.**

Побарувањата се од основните и средни училишта во чие име и сметка Општината измирила обврски (ел.енергија,превоз,нафта ), побарувања од Агенцијата за рурален развој за урбанистички планови во село Дихово и Нижополе од 2016 година (1.063.080,00 денари),

**Обврските кон добавувачите во земјата на Општина Битола** **108.121.005,00 денари.**

Обврските се однесуваат за отворени обврски за кои фактурите или ситуациите стигнале со задоцнување , и за фактури кои пристигаат во први месец 2023 година, а се однесуваат за 12-ти месец 2022 година (99.782.524,00 денари).Сите обврски доспеваат или имаат рок за плаќање во 2023 година. Обврските се однесуваат и на обврски кон добавувачи -правни лица кои истовремено се и гаранции од правните лица за извршената работа на капиталните инвестиции на општината.(КЈП Нискоградба 6.511.772,00 денари). Обврски за судски постапки во тек и завршени со добиени судски пресуди во најголем дел се однесуваат на судски спорови со вработените во ТППЕ - Битола 1.826.709,00 денари.

**Обврски спрема добавувачи- граѓани** **559.206,00 денари.**
Тоа се обрски кон изведувачот на споменикот за поставување на споменикот на Александар Турунџев (332.100,00),остатокот се за исплата на други физички лица.

**Обврски спрема вработените** **74.750,00 денари.**
Обврски за неисплатени дневници за службени патувања.
**Краткорочни финансиски обврски** во износ од **14.281.712,00 денари.**
Во овие обврски се евидентираат, обврските на Општина Битола за враќање на парите од Заемот од Светска банка за АРМ четврт 1 и 2 кои се доспеани за плаќање или доспеваат во наредната година и тоа главница и камата.
**Други краткорочни финансиски обврски** во износ од **629.224,00 денари.**

Тоа се обврските за нето износот на надоместок за советниците за месец 12-ти месец 2022 година, кој се исплаќа во јануари 2023 година.

**Други краткорочни финансиски обврски**
**во буџетот во износ од 322.982,00 денари.**
Тоа се евидентирани повеќе уплатени средства од корисниците на општински деловен простор.

**Обрските спрема државата и други институции 124.824,00 денари.**
Ја опфаќа обврската за плаќање на персонален данок за надоместокот на советниците за 12-ти месец 2022 година и обврската за персонален данок за авторското дело за поставување на споменикот на Александар Турунџев.

**Пресметка и обврски за плати 5.857.426,00 денари.**
Обрските се однесуваат на неисплатената плата на општинската администрација за 12-ти месец 2022 година.

**Материјали на залиха 3.662.163,00 денари.**
Се однесуваат на материјали, за новогодишно украсување, канцелариски материјал и др.
**Ситниот инвентар и неговата исправка** се со износ од **5.128.525,00 денари.**

**Во класата 9- Извори на средства и**
**вонбилансна евиденција 3.982.749.111,00 денари**.

Во класата 9 се евидентирани сегашните вредности на нематеријалните, материјалните добра, основачките влогови на општината во локалните јавни установи и објектите дадени на користење на општината од Владата на Р.М, дел од капиталните инвестиции на општината ( градскиот Стадион под Тумбе кафе, изградба на Кино Манаки,изградба и реконструкција на водоводни системи , канализациона мрежа и коловози во општина Битола, залихата на материјали за новогодишно украсување и канцелариски материјали, објекти и спортски објекти во сопственост на Општина Битола,добиените средства од домашно задолжување, возниот парк на Општина Битола , опремата , канцелариски мебел и др.
При прегледот на заведени судски спорови спрема општината утврдени се заведени спорови за надомест на штета без определена вредност (физички лица за експропријација) и др.

## 4. Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотации за делегирани надлежности

Извештајот за реализација на инвестиционите програми ја содржи групата 48 Капитални расходи или ставката 482 која ги опфаќа: подготвување на проекти за улици, патишта, пречистителни станици, водоводи, енергетика и други објекти, изградба и реконструкција на улици и патишта, изградба и реконструкција на водоводи, изградба и реконструкција на пречестителни станици, изградба и реконструкција на капацитети во енергетиката и е реализирана во износ од **320.604.011,00 денари**.

**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за улици, патишта и автопати** потрошени се средства во износ од **5.252.039,00 денари**. Изработени се ревизии на проект за улици во с. Логоварди, проект за улици во централно градско подрачје, проект за режим на сообраќај на дел од улица Партизанска, проект за инфраструктура на улица 8 ми септември, ревизија на проект коловоз с. Жабени, проект за реконструкција на улици во населба Недопирливи, проект за реконструкција на коловоз во с. Магарево,проект за реконструкција на улица Булевар 1 ви мај од јужната страна, изработка на проектна документација за улица Стив Наумов, геодетски елаборат за пешачка патека на Тумбе кафе од Зоолошка до Смолево,ревизија на основен проект кружен тек Дулие, изработка на проект за реконструкција на улица 7 ма бригада, проект за реконструкција на улица Драгорска, проект за реконструкција на улица Зборска, проект за реконструкција на улици во с. Егри, с. Лажец, с. Оптичари, основни проекти за улици во АРМ четврт 2, ревизија на гасоводен систем на град Битола траса МРС 1 и МРС 5, проект за изградба на сервисна улица број 3 кај болницата и др.

**За изградба и реконструкција на улици, патишта и автопати** потрошени се средства во износ од **158.496.381,00 денари**. Вложени се средства за изградба и реконструкција на следните улици: изградба на коловоз на улица Крушевска република,реконструкција на локален пат с. Дихово,реконструкција на главен уличен крак во с. Логоварди,реконструкција на пропуст на р. Курделес на улица Довлеџик,реконструкција на локален пат с. Острец, реконструкцијана локален пат с. Магарево,санација на плочки во старата чаршија и Широк сокак,реконструкција на коловоз на улица Ари Ангелевски,стабилизација на банкини на пат во с. Буково,санација на ударни дупки, реконструкција на коловоз на улиците Солунска, Довлеџик, Кленовац, Пробиштип, Асном, Брегалница, Македонска фаланга (пресек од аеро клубот до Ловец), Штипска,рехабилитација на улиците Бранислав Нушиќ и Христо Узунов,стабилизација на банкини со камена коцка на коловоз во с. Трново,реконструкција на коловоз на улиците Н.Н. Борче,7 ми јули,28 ма, Цане Василев, санација на ударни дупки со пластичен асфалт и др.

**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за пречистетилни станици и колектори** потрошени се средства во износ од **103.962,00 денари** и тоа за услови за планирање на простор за изградба на канализационен колектор на НП Пелистер,ревизија на мешовита канализација на улица 7 ма бригада, ревизија на проект за канализација на улица Стив Наумов,ревизија на проект на мешовита канализација на улица Зборска и др.

**За изградба и реконструкција на пречистителни станици и колектори** потрошени се средства во износ од **30.651.835,00 денари**,изградба на канализациона мрежа во с. Трново- Бегова чешма, изградба на фекална канализација во с.Трново, реконструкција на мешовита канализација на улица 16-та, реконструкција на мешовита канализација на улица Кленовец и улица Крсте.П. Мисирков, изработка на атмосферска канализација на улиците Довлеџик и Солунска, фекална канализација во с. Буково, изградба на канализациона мрежа на улица Цане Василев,реконструкција на канал во АРМ (од лавчански пат до стар Прогрес),машинско чистење на канали во с. Граешница, Дихово, Буковски ливади, дренажа во спортска сала во СОУ Таки Даскало,реконструкција на канализација на улица Булевар 1 ви мај , чистење на реката Драгор, дренажа на улица наум.Н. Борче и др.

**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за капацитети за водоснабдување** потрошени се средства во износ од **170.070,00 денари**, ревизија на проект за реконструкција на водовод на ул. Тошо Даскало, ревизија на проект за водовод на улиците СР1 и СТУ 1, услови за планирање на простор за водовод во с. Брусник,ревизија на проект за реконструкција на водоводот на улица Карапорман и др.

**За реконструкција на капацитети за водоснабдување** потрошени се средства во износ од **14.072.110,00 денари** и тоа: изведување на водоводна линија на ул.Крушевска република,реконструкција на водоводна мрежа на улица Цане Василев, реконструкција на водоводна линија во с. Кравари, реконструкција на водоводна линија на улиците Ѓорги Ѓоргиевски Џоџа, 2-ри август, Кленовец,Љубојно, Крушевска република,Прилепска, Довлеџик и др.

**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за капацитети за енергетика** потрошени се средства во износ од **356.754,00 денари**, за основен проект за улично осветлување на улиците СР1 и СТУ1 ,издавање на услови за премин за паралелно водење на 35 кв кабел на железничка пруга Велес-Кременица, ревидиран проект за топлотно греење со приклучок на градска мрежа во МЗ Борис Бастеро, проект за реконструкција на улично осветление на улица Ѓурчин Наумов Пљакот и др.

**За изградба и реконструкција на капацитети во енергетиката** потрошени се средства во износ од **7.538.639,00 денари** и тоа: изведба на улично осветление на улица 4 та, дислокација на кабел на улица Довлеџик, изградба на улично осветление на улица Македонска Фаланга, Довлеџик, одржување на инсталации за греење во основните и општинската зграда и др.

**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за други објекти** потрошени се средства во износ од **2.736.984,00 денари,** и тоа за проект за поставување на урбана опрема на јавни површини,проект за реконструкција на старо воено кино,проект за реконструкција на објект Парк,проект за поставување на опрема на јавни површини-детски игралишта,ревизија на проект за пренамена на дел од домот за доенчиња во детска градинка,проект за урбана опрема за спортско-рекреативни активности на Тумбе кафе, програма за изградба на Противпожарна зграда во АРМ, програма за отворено спортско игралиште за кошарка,проект за реконструкција на објект во дворот на Офицерски дом,елаборат за детски игралишта и опрема за забава,основен проект за реконструкција на спортски игралишта и др.

**За изградба и реконструкција на други објекти** потрошени се средства во износ од **99.594.047,00 денари** и тоа за:изградба на детски паркови на улиците Борис Буџевски,Смилевски Конгрес, Север-југ, Довлеџик, изградба на северна трибина на Стадион Тумбе кафе, градежно-занаетчиски работи во МЗ Ротино,МЗ Логоварди, демонтажа на стари и монтажа на нови врати во ТППЕ,градежно-занаетчиски работи во котларата во спортската сала, покривачки работи во МЗ Тодор Ангелевски,санитарни работи во спортска сала Боро Чурлевски,демонтажа и монтажа на нови олуци во УЗ Ротино и др.

**За надзор над изградбата на претходно споменатите проекти** потрошени се средства во износ од **1.631.190,00 денари.**

**На сметката  Дотации на Општина Битола планирани се и реализирани следните приходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **Вкупно Приходи** | **1.000.457.956** | **888.105.095** |
| **74 Трансфери и донации** | 1.000.457.956 | 888.105.095 |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 1.000.457.956 | 888.105.095 |




**сл.7 Вкупни приходи сметка Дотации**

Приходите на оваа сметка се остварени по основ на Трансфери од други нивоа на власт односно од соодветните Министерства на локалните јавни установи и пренесениот вишок на приходи од претходната година.

Вкупните тековни оперативни приходи за корисниците на средствата од сметката за наменска и блок дотација се реализирани во износ од 888.105.095,00 денари, од планираните 1.000.457.956,00 денари, или 88,77%.

**На сметката Дотации на Општината Битола планирани се и реализирани следните расходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **1.000.457.956** | **888.105.095** |
| **40 Плати, наеминини и надоместоци** | **779.382.608** | **758.028.025** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 560.007.025 | 544.947.124 |
| 402 Придонес за социјално осигурување | 219.375.583 | 213.080.901 |
| **42 Стоки и услуги** | **147.962.884** | **94.851.296** |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 81.057.949 | 57.931.927 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали за поправка | 5.973.962 | 4.257.777 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 10.195.819 | 3.237.405 |
| 425 Договорни услуги | 48.584.546 | 28.304.523 |
| 426 Др.тековни расходи | 2.150.608 | 1.119.664 |
| **46 Субвенции и трансфери** | **4.040.000** | **2.393.204** |
| 464 Разни трансфери | 4.040.000 | 2.393.204 |
| **48 Капитални расходи** | **69.072.464** | **32.832.570** |
| 480 Купување на опрема и машини | 15.691.411 | 12.291.942 |
| 482 Др.градежни работи | 51.355.990 | 19.727.751 |
| 483 Купување на мебел | 1.965.063 | 752.877 |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 60.000 | 60.000 |




**сл.8 Вкупни расходи сметка Дотации**

***Корисници на средства од наменска и блок дотација:***

Вкупните тековни оперативни расходи за корисниците на средствата од сметката за наменската и блок дотација се во износ од 888.105.095,00 денари од планираните 1.000.457.956,00 денари или 88,77% и тоа:

Ставка 401- Основни плати реализирани се расходи од 544.947.124,00 денари, од планираните 560.007.025,00 денари.

Ставка 402- Придонеси за социјално осигурување од работодавачите е со реализирани расходи во износ од 213.080.901,00 денари, од планираните 219.375.583,00 денари.

Ставка 421- Комунални услуги, комуникација и транспорт, реализирани се трошоци во износ од 57.931.927,00 денари од планираните 81.057.949,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 423- Материјали и ситен инвентар, реализирани се трошоци во износ од 4.257.777,00 денари, од планираните 5.973.962,00 денари.

Ставка 424- Поправка и тековно одржување, реализирани се трошоци во износ од 3.237.405,00 денари, од планираните 10.195.819,00 денари.

Ставка 425- Договорни услуги реализирани се услуги во износ од 28.304.523,00 денари, од планираните 48.584.546,00 денари.

Ставка 426- Други оперативни расходи од планираните 2.150.608,00 денари, реализирани се трошоци во износ од 1.119.664,00 денари.

Ставка 464- Разни трансфери е планирана со износ од 4.040.000,00 денари, реализирана е со износ од 2.393.204,00 денари.

Ставка 480- Купување на опрема и машини е планирана со износ од 15.691.411,00 денари, реализирана е со износ од 12.291.942,00 денари.

Ставка 482- Други градежни објекти бил планиран износ од 51.355.990,00 денари, реализирани се средства во износ од 19.727.751,00 денари.

Ставка 483- Купување на мебел бил планиран износ од 1.965.063,00 денари, реализирани се средства во износ од 752.877,00 денари.

Ставка 485-Вложување и нефинансиски средства биле планирани 60.000,00 денари , а се реализирале 60.000,00 денари.

Извршувањето на расходите од сметката за наменска и блок дотација за програмата В1- Детски градинки е 66,64%, В2- Дом за стари лица 91,71 %, К3- Музејска и кинотечна дејност е 95,55%, Н1- Основно образование со 98,62%, Н2- Средно образование со 84,23% и програмата Ђ0- Противпожарна заштита со 99,75%.

Резултатите во 2022 година не ќе беше можно да бидат постигнати без соодветна подршка на Советот на Општина Битола. Советот одржа вкупно 17 редовни седници на кои беа разгледани 670 точки. Навременото и ефикасно донесување на одлуките позитивно влијаеше врз реализацијата на програмите на Општината.

Постигнатото го реализираше општинската администрација, организирана во 6 сектори, 18 одделенија и една единица, со организиран едношалтерски систем на услуги за делокругот на обврските на локалната самоуправа.

**Бр 09-23/5**
**07.03.2023 год.**
**Битола**

**Сектор за финансиски прашања на Општина Битола**